# Визуелен приказ на Краткорочни економски движења

февруари 2019 година

## Годишен раст на индустриското производство од 7,3%



7,3%

## Ниска годишна инфлација од 1,1%



1,1%

## Раст на извозот од 15,0%



15,0%

## Зголемен поврат на ДДВ во периодот јануари – февруари за 9,2%



9,2%

Индустриското производство во февруари 2019 година забележа раст од 7,3% во однос на истиот месец претходната година. Главен двигател на растот е преработувачката индустрија, исто со раст од 7,3%. Од вкупно 27 гранки, 17 бележат раст, од кои највисок раст забележа производството на пијалаци од 37,7%. Производството на машини и уреди забележа раст од 10,1%, а кај производството на моторни возила забележан е раст од 6,9%.







Стапката на инфлација во февруари 2019 година изнесуваше 1,1%, што во најголем дел се должи на растот на цените на прехранбените производи. Базичната инфлација има забавен раст, а цените на енергијата забележаа пад.

Во февруари 2019 година, споредено со истиот месец од 2018 година, извозот на стоки забележа раст од 15,0%, додека увозот на стоки од 17,0%. Вкупната трговска размена во првите два месеца од годинава забележа раст од 8,3% во однос на истиот период од претходната година и изнесува приближно 2,2 милијарди евра.







Во периодот јануари – февруари 2019 година, вкупните приходи забележаа поголемо остварување за 9,8%, а расходите за 6,7% во споредба со истиот период минатата година. Буџетскиот дефицит изнесува 0,4% од БДП. Повратот на ДДВ е повисок за 9,2% на годишно ниво.

**Целото соопштение Краткорочни економски движења може да се погледне овде.**